Архивски број: 08-181/2
17-02-2023 година

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 181/1 од 16.02.2023 година, поднесена од група на студенти на Правниот факултет „Јустинијан Први" – Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје против Правниот факултет „Јустинијан Први" – Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје - ", Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 17.02.2023 години, го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08 – 181/1 од 16.02.2023 година, поднесена од група на студенти на Правниот факултет „Јустинијан Први" – Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје против Правниот факултет „Јустинијан Први" – Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје - " **ЗАРАДИ НЕУРЕДНОСТ.**

## Образложение

На 11.05.2022 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација од страна на група на студенти на Правниот факултет „Јустинијан Први" – Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје против Правниот факултет „Јустинијан Први" – Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје - ".

Согласно член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација претставката треба да ги содржи следниве елементи: податоци за подносителот, податоци за лицето против кого се поднесува претставката, околностите и фактите врз кои се темели претставката, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот.

Претставката со бр. 08 – 181/1 не содржеше податоци за подносителот, ниту околности и факти врз кои се темели претставката. Од причина што претставката не содржеше податоци за подносителот, ниту адреса за контакт на подносителот, Комисијата не беше во можност да го задолжи да ја доуреди претставката. Следствено на тоа Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отрфрли претставката поради неуредност.

Скопје
17.02.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател
Исмаил Камбери



ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk